Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08- 1482/1
датум 07-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ОХРИД

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

Комисијата за надзор на ден **21.05.2026** година во **12:30** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Охрид** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата надзорот го започна со воведен разговор со претседателот на судот Бојан Мартиноски, а увидот во судот го реализираше во присуство на судскиот администратор Борче и раководителот на одделението за информатика Анѓелко Попески.

Претседателот на судот наведе дека во судот се пополнети 9 судиски места (заедно со претседателот на судот), иако по систематизација се предвидени 18 судски места, со тоа што во тековната година од тие девет , двајца се делегирани од страна на Судски совет, за период од една година, односно до 04.05.2027 година. Тоа значи дека после тој период судот повторно ќе работи со седум (7) судии. Претседателот на судот укажа на потребата од итно пополнување на судиски места.

Со систематизацијата на судот предвидени се 113 работни места (без судиите), од кои се пополнети 59 работни места. Во судот вработени се 11 стручни соработници, 11 дактилографи, 1 информатичар. Минатите 2024 година и 2025 година не било реализирано ниту едно вработување.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Минатата година судот не бил ажурен. Претседателот на судот истакна, дека неажурноста на судот произлегува од големиот број на нерешени оставински предмети. Претседателот на судот наведе дека на нотарите постојано им било укажувано за големиот број на нерешени оставински предмети и дека заради тие предмети судот станал неажурен.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа и извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су – 03 бр. 46/26-1 од 27.02.2026 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во судот со Годишниот распоред за работа се формирани:

- Кривичен оддел во кој постапуваат двајца судии и Граѓански оддел во кој постапуваат четворица судии.

Делегирани се двајца судии од последната генерација од Академија од основните судови во Скопје, еден судија од Кривичен суд, а еден судија од Граѓански суд. Препораките за потребата од пополнетоста на судовите е клучна за овој суд со проширена надлежност. Од 18 слободни судиски места пополнети се 9 од кои двајца судии се делегирани на една година. Ова ја доведува во прашање преоптовареноста на судиите и судската служба за да одговорат на барањето за судење во разумен рок.

***Препорака*** *: Системско решение со Акциски план за подобрување на работата на судовите, преку воведување на дигитализација и други услуги, паралелно со зголемување на бројот на вработени во судовите (судии, судска служба) воведување на електронските документи и електронско работење како единствено, со овозможување на хартиени копии.*
*Секое понатамошно работење , во хартија и електронски документ претставува вистинско оптоварување за целиот правосуден систем. Од воведувањето на АКМИС*

*се поминати повеќе од 15 години, а законите за електронски документи се во сила и примена. Клучен е следниот период на воведување на модерни поврзани системи кои ја растоварат судската служба од преоптоварување со администрирање на предметите и можност за извршување на нивната клучна функција за стручна поддршка на судијата во успешно завршување на предметите во разумен рок.*
*Судскиот совет во целиот процес треба да ја има клучната улога преку Судскиот буџетски совет и судскиот буџет, со добро подготвени документи со план за динамичен развој на остварување на наведените цели.*
*Владата на Република Северна Македонија согласно својата надлежност е потребно да обезбеди услови за работа на правосудните органи и во таа насока, потребна е стратешка координација со Судскиот совет, Министерството за правда и Министерството за финансии.*

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две години беа дадени на увид. Истите се донесени до 31 декември претходната година со запазена процедура односно на седница на судии со прибавено мислење од сите судии, за што е изготвен записник.

Истите се заведени под следните броеви: СУ – 03 бр.141/24 од 27.12.2024 година.

Одлука за измена - 1 од 12.02.2025 година, заради избор на судија во повисок суд и распределба на предметите, Одлука - 2 од 13.3.2025 година заминување на претседател и определување на вд претседател на суд, - 3 од 04.04.2025 година заради избор на нови судии, Су-03 бр.141/24-4 од 8.4.2025 година, за додавање на предмети кај новите судии.

Измените на годишниот распоред се донесени согласно законските основи, односно во случај на пензионирање, избор на судија во повисок суд и делегирање на судија од друг суд.

Су 03 бр.165/25 од 29.12.2025 година, Су 03 бр.165/25-1 од 23.03.2026 година, измена заради ограничување за постапување на новоизбрани судии согласно закон.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Со Одлука за постапување за време на годишни одмори, судиите за користење на годишни одмори се договараат на седница на судии, по што се изготвуваат решенија за користење на годишен одмор.

Одлука Су – 03 бр. 37/25 од 02.06.2025 година.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот е формирано одделение за информатика со вработен еден информатичар - раководител на одделение Анѓелко Попески.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Во судот сеуште не е формиран оддел за следење на судската пракса.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Формирана е канцеларија за односи со јавноста, претседателот на судот е во својство на портпарол и две судски службенички се задолжени за односи за јавноста.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Во Судот има судски администратор. Надзорната комисија изврши разговор со судскиот администратор Борче Мирчески кој беше присутен во текот на надзорот.

Во 2017 биле вработени над 90 судски службеници, а во 2026 година останале 52 судска служба и 5 судска полиција и 2 хигиеничарки по ЗРО.
12 судски службеници до 31.03.2025 година биле вработени на определено време, кога им истекол договорот и од тогаш нема нови вработени на определено ниту на неопределено време.
Најмногу недостаток се јавува во судските писарници, доставувачи и хигиеничари.
Стручни соработници во однос на бројот на судии во овој момент се доволни, 11 стручни службеници. Бројот на записничари е 11.
Судскиот администратор има донесено распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство.
Извршен увид во Распоред за вработените во судската служба за 2026 година СУ-07 бр.2/26 од 14.01.2026 година.

Распоред Су - 07 бр.8/25 од 26.03.2025 година, со новиот претседател на суд.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2024, 2025 и 2026 година.**

Се контролира работата на судот, но не се изготвуваат службени белешки за истото.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници, записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД), Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД)**

Претседателот на судот појасни дека редовно се одржуваат седници на судии.

Су бр.03-37/25 од 13.03.2025 година од седница на судии, Су бр.03-50/26 седница на судии.

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

До Судскиот совет се доставуваат статистички извештаи со анализа на начинот на решавање на решените предмети и тоа месечни, квартални и годишни извештаи.

Годишен извештај Су 01-9/26 од 05.02.2026, Су 01-5/26 од 22.01.2026 година.
Су 01-5/25 од 10.02.2025 година, Су 01-3/25 од 28.01.2025 година.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Охрид за 2024, 2025 и 2026 година**

Апелациониот суд Битола редовно врши работна посета на Основниот суд Битола. Посетите биле извршени на 13.11.2025 година и на 07.05.2026 година.

13. **Надзор над работата на нотарите**

Судот станува неажурен од оставински предмети, а еден нотар заминал во пензија. Предизвиците со нотарите остануваат да се разрешат во следниот период.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**14. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Не се одржуваат организирани обуки за работење во АКМИС системот.Тековни интерни обуки во врска со новитети во примената на АКМИС или обучување на нов вработен/новоизбран судија се врши од страна на вработените во судот. Во Академијата на судии и јавни обвинители била организирана обука за безбедност на мрежа.

**15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Охрид.
Информатичката опрема е сосема солидна и обновена во текот на 2024 години со набавка на 24 нови персонални компјутери и истата може да одговори на потребите за непречено функционирање на судот. Во 2025 година набавени се 7 нови принтери.
Пасивната мрежа е со солиден квалитет. Сервер собата има потреба од подобрување во насока на исполнување на неопходните стандарди.

**16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период се изработени. Извршен увид во списоци на корисници во АКМИС и нивна функционална улога СУ-07-8/25-1 од 31.03.2025 СУ-07-2/26-1 од 14.01.2026. Не се внесени во АКМИС како акти.

**17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Внатрешните процедури за управување со движењето на предметите во судот за контролираниот период се уредно донесени.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

18. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Во судот се изработуваат месечни распореди и времетраење на дежурства во кривична и прекршочна област, за време на судската ферија и истите се уредно евидентирани во АКМИС системот како акти и во месечниот календар за дежурства (СУ-03 бр.164/25-1 од 25.12.2025, СУ-03бр.19/26-1 од 30.01.2026 година СУ-03 бр.66/26 од 24.04.2026, СУ-03 бр. 138/24 од 25.12.2024, СУ-03 бр.148/25 од 26.11.2025). Распоредите за дежурства судот ги доставува до ОЈО Скопје и ОВР Охрид.

19. **Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека со еден активен и еден резервен скенер се скенираат сите документи во приемното одделение во судот.

20. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

21. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник за должен за АКМИС е информатичарот Анѓелко Попески кој е задолжен со решение за овластување за администратор на АКМИС, Су.03 бр.164/2022. Автоматска распределба се врши од стана на водителот на уписник на секој оддел, а прераспределбата ја вршат водителите на уписници со помош од информатичарот.

22. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Исклучување на судија од автоматска распределба на предмети се врши врз основа на законските основи со образложена одлука за причините за исклучување на судијата од распределба на предмети. За време на годишните одмори судска ферија судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба, освен за итните притворски

предмети. Кога судиите се подолго од 5 работни дена на боледување истите ги исклучуваат од автоматска распределба.

Во 2025 година исклучувања на судии од распределба ги врши информатичар врз основа на донесени Одлуки за исклучување. Извршен е увид во предметите СУ-7/25 од 04.04.2025, СУ-6/25 од 14.03.2025, СУ5/25 од 14.03.2025.

Исклучувањата во 2026 година се реализираат без изготвена Одлука, а врз основа на потпишана резолуција од страна на Претседателот на судот на поставено Барање за исклучување од страна на судија.

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија се врши со решение со кое се уважува изземањето, доколку постои основ за тоа и се определува по конкретниот предмет да постапува следниот судија утврден со автоматска распределба. Во Барањата за изземање во кои се донесени Решенија за изземање, постојат законски и облазложени причини врз основа на кои претседателот на судот ги донел одлуките за изземање.

На увид беа доставени следните Решенија СУ-ИЗЗ-45/26 ОД 19.05.2026, СУ-ИЗЗ-25/26 ос 20.04.2026, СУ-ИЗЗ-17/26 од 03.03.2026, СУ-ИЗЗ-8/26 од 10.02.2026, СУ-ИЗЗ-94/25 од 15.12.2025, СУ-ИЗЗ-80/25 од 16.10.2025, СУ-ИЗЗ-58/25 од 17.07.2025, СУ-ИЗЗ-29/25 од 07.05.2025, СУ-ИЗЗ-8/25 од 20.02.2025, СУ-ИЗЗ-2/25 од 10.01.2025.

Сите уредно внесени во АКМИС.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Нема одлуки за рачна распределба

**25. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2025 и 2026 година.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.

На денот на надзорот во 14:15 часот има 24 новопримени предмети.

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14:30 часот, а итните предмети се распоредуваат веднаш.

На денот на надзорот АКМИС системот имаше технички проблем при генерирање на извештаи по било кој критериум.

Беше направен увид по случаен избор во следните предмети:

- МАЛВП-9/26 - поднесен и примен на ден 04.02.2026 година, автоматски распределен на ден 05.02.2026 година, примен кај судија на ден 09.02.2026 година, прераспределба автоматски на ден 11.02.2026 година по усвоено Решение за изземање СУ-ИЗЗ-8/26.
- ВПП-1/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 16.04.2025 година, примен кај судија на ден 15.05.2025 година, прераспределба автоматска на ден 04.03.2026 година со Решение за изземање СУ-ИЗЗ-17/26
- РО-73/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 08.04.2026 година, примен кај судија на ден 14.04.2026 година, поради изземање на сите судии предметот е во работа во друг надлежен суд
- РО-209/25 - поднесен и примен на ден 26.09.2025 година, автоматска распределба на ден 29.09.2025 година, примен кај судија на ден 13.10.2025 година, и автоматска прераспределба на ден 16.10.2025 година со Решение за изземање СУ-ИЗЗ-80/25
- П1-48/25 - поднесен и примен на ден 25.04.2025 година, автоматска распределба на ден 28.04.2025 година, примен кај судија на ден 06.05.2025 година, и два пати прераспределба автоматски на ден 07.05.2025 и 29.05.2025 година по одобрено изземање од претседател со Решенија СУ-ИЗЗ-29/25 и СУ-ИЗЗ-39/25
- ВПП2-296/25 - поднесен и примен на ден 27.11.2025 година, распределен со копче судија на ден 27.11.2025 година затоа што станува збор за итен предмет за обезбедување на докази, примен кај судија истиот ден и прераспределба автоматски на ден 16.12.2025 година во пет обиди


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

**Објаснување од судот:** Предметот бил распределен на 27.11.2025 година со копче судија. Судијата на кој што му бил распределен предметот на 11.12.2025 година побарал изземање од постапување по предметот. Со Решение Су ИЗЗ 94/25 од 15.12.2025 година на Претседателот на судот, барањето за изземање било уважено и врз основа на таквото Решение, предметот требало да се прераспредели. При прераспределбата која се вршела на ден 16.12.2025 година предметот бил прераспределуван преку АКМИС и истиот во четири наврати бил прераспределен кај судија кој не постапува во тој уписник туку во дел од други уписници во ВПП, што значи дека тој судија не можел да постапува по овој предмет. Напоменуваме дека судијата кај кого предметот се прераспоредувал автоматски четири пати, тој ден бил и дежурен во итни прекршочни предмети. Причината зошто АКМИС системот го прераспределувал предметот кај тој судија за нас е непозната. Дури петтиот пат предметот бил прераспределен кај судија кој постапува во тој уписник.

- П2-100/24 - поднесен и примен на 25.10.2024, автоматски распределен на 28.10.2024, прераспределба автоматски на 07.04.2025 и 08.04.2025 по одлука СУ-03-141/24-4, и примен кај судија на 10.04.2025

**Објаснување од судот:** Наведениот предмет во месец април бил два пати прераспределен. Првиот пат предметот бил прераспределен со одлука Су – бр. 7/25 од 04.04.2025 година, со која одлука предметот од кај судијата кој постапувал по истиот требало да се прераспредели кај друг судија, од причини што судијата исполнил услови за старосна пензија и заминувал во пензија.

Втора прераспределба: од кај судијата на кој му бил прераспределен предметот кај трет судија, согласно одлуката Су-03 бр. 141/24-4 од 08.04. 2025 година, со која е извршена измена на распоредот за работа со кој судијата кај што бил прераспределен предметот со измената на распоредот не постапувал повеќе по уписникот П2. Од тие причини била направена прераспределба со која предметот бил доделен кај судија кој бил овластен да постапува по уписникот П2. Со оглед дека АКМИС системот не дозволува во ист месец две прераспределби на ист предмет, за да се изврши втората прераспределба, потребно е да се избрише првата прераспределба и


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

предметот од кај првиот судија да се прераспредели кај трет судија . Затоа во АКМИС стои дека има само една прераспределба.

- К-54/25 - поднесен и примен на 18.02.2025, автоматска распределба на 18.02.2025, примен кај судија на 20.02.2025, прераспределба автоматска на 24.02.2025 по Решение СУ-ИЗЗ-8/25
- ПРК-С-874/25 - поднесен и примен на 12.08.2025, автоматска распределба истиот ден и примен кај судија на 22.08.2025
- ПРК-Ј-150/25 - поднесен и примен на 22.08.2025, автоматски распределен на 29.08.2025 и примен кај судија на 29.09.2025
- К-162/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на 19.05.2026, распределен со копче судија истиот ден и прераспределба автоматски на 20.05.2026 -

  **Објаснување од судот:** Предметот К.бр. 162/26 е предмет со притвор, што значи е од итен карактер. Направена била автоматска прераспределба на предметот и истиот бил доделен кај судија кој веќе постапувал по тој предмет како судија во претходна постапка. По барање за изземање на судијата, претседателот донесол решение Су ИЗЗ 45/26 со кое го уважил барањето за изземање. Врз основа на ваквото Решение извршена е прераспределба на предметот и истиот бил прераспределен кај друг судија.

  Во овој случај карактеристично е да напоменеме дека кога се прави прераспределба на итни предмети се јавува проблем порака „ не може да се додели на друг судија“ . За да се надмине овој проблем, насоките од ЕДУ СОФТ се да се избрише судијата и повторно со копче да се додели на друг судија.

  Роковите за истекување на притворот се пресметуваат во часови и не може да се чека автоматска распределба, а кога се прави распределба со копче судија, АКМИСОТ предметот го доделува на судијата кој е дежурен во календарот за дежурства. Судијата кој го определил притворот не може да биде судечки судија.
- КМ-3/26 - поднесен и примен на 27.04.2026, рачна распределба на 27.04.2026, примен кај судија на 06.05.2026


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## 27. Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана, дека во Основен суд Охрид сите уписници се водат електронски.

## 28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање

Во судот има вкупно 11 судници, од кои во четири судници инсталирана е опрема за тонско снимање. Опремата е технички исправна, со забелешка дека микрофоните се стари и поради нив снимките се со лош квалитет.

Во 2024 година реализирани се 113 рочишта со тонско снимање, во 2025 година 15 тонски снимања, додека за тековната 2026 година реализирани се 3 тонски снимања.

## 29. Електронска достава

Електронската достава редовно се врши до адвокати, нотари, извршители и правни лица со уредно доставени електронски сандачиња.
Во 2024 година реализирани се 8165 електронски достави, во 2025 година 9314 достави, додека за тековната 2026 година реализирани се 5154 електронски достави.

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

## 30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)

Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот е донесена и истата е заведена СУ.бр.03-5/26-1 од 12.01.2026 година.

## 31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело

Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување за создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

застој на движењето на предметите во судот, за контролираниот период се донесени и заведени под Су-03 бр. 31/26-1 од 12.02.2026 година.
Су-03 бр. 3/25-1 од 10.01.2025 година.

**32. Внатрешни процедури**

Су -03 бр. 31/26 од 12.02.2026 година.
Су-03 бр. 9/25-1 од 15.01.2025 година.

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Месечните извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалувањето на заостаток на нерешени предмети и застој на движењето на предметите во судот, се изработени и доставени до претседателот на судот. Извршен увид во Извештај СУ - 07 бр.32/2025 од 11.11.2025 година, Су 07 бр28/2025 година од 09.10.2025 година.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Судот ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите, преку соопштенија на веб страната, одлуки и статистики од јавен интерес, редовно објавување на месечните, кварталните и годишните извештаи на веб страната.

**35. Огласна табла на судот**

Судот има огласна табла поставена на видно место на влезот во судската зграда.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Во судот има имаат простории за судии поротници и за адвокати.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

37. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Правосилните анонимизирани судски одлуки редовно се објавуваат на веб-страницата на судот за контролираниот период. Во текот на 2024 година извршени се 991 анонимизации, во 2025 извршени се 521 анонимизаци и во 2026 година до денот на надзорот извршени се 134 анонимизации.

38. **Архива**

Архивата е уредна. Предметите се чуваат во метални плакари на полици и дел на дрвени полици. Делот каде се чуваат одземените предмети треба да биде поуреден и попристапен.

| ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ |
|---|

39. **Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Увидот заврши на ден 21.05.2026 во 15:00 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk